MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-3150/2

02-06 г./V. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот --------- --------- од С------, на ___-та седница одржана на ден ___ 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3150/1 од 18.06.2019 година доставена од подносителот --------- --------- од С------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува во предметот со број 12-3150 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-3150/1 од 18.06.2019 година и предметот ќе се достави на надлежно постапување на Адвокатска Комора на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-3150 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3150 од 2019 година е оформен врз основа на пријава доставена од страна на познат подносител – --------- --------- од С------,.

Во пријавата се изнесени наводи за незаконитости во работењето на адвокатот кој го застапувал подносителот во судска постапка, конкретно за висината на пресметаните трошоци по основ на пружените адвокатски услуги за негово застапување на рочиштата во постапката водена пред Основен суд Г------ во 2008 година.. Подносителот на пријавата смета дека износот на овие трошоци бил нереално пресметан од страна на предметниот адвокат со што тој бил оштетен. За случајот бил заведен и судски спор по предлог за противизвршување поднесен од подносителот на пријавата, по негова жалба изјавена преку полномошник – адвокат, по која било постапено од страна на Апелациониот суд Скопје во месец декември 2018 година било донесено Решение со кое истата била одбиена како неоснована.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган и оцени дека Државната комисија нема надлежност да се произнесува по однос на истите, а предметот со број 12-3150 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-3150/1 од 18.06.2019 година ќе го достави на надлежно постапување на Адвокатска комора на Република Северна Македонија

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 21 мај 2020 година под бр. 12- 3150/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :

- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК, Изработил: Јасминка Цветковска, советник
Одобрил : Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК